ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ"НАУМ ОХРИДСКИ" с. Булачани,
Скопје, ул.5 бр.1 с. Булачани 02 2575 946; 078291929;
e - mail: nohridski@yahoo.com; http://naumohridski.edu.mk/
ou-naumohridski-bulachani-gazibaba@schools.mk

Процедура за предлагање, доделување и евидентирање на пофалби и награди на учениците ООУ „Наум Охридски“ – с. Булачани, Скопје

Со оваа процедура се уредува начинот на предлагање, разгледување, одобрување, доделување и евидентирање на пофалби и награди за учениците кои се истакнуваат со успех, поведение, залагање и учество во наставни и воннаставни активности.

1. Критериуми за пофалба и награда
Ученик може да биде пофален или награден за:

- постигнат успех и напредок во наставата;
- редовно присуство и исполнување на училишните обврски;
- примерно поведение и позитивен однос кон учениците и вработените;
- постигнати резултати на натпревари и конкурси;
- активно учество во секции и други воннаставни активности;
- придонес во хуманитарни, културни и други активности;
- солидарност, хуманост, правичност и помагање на други ученици.

2. Видови пофалби и награди
Пофалбите може да бидат:

- **усни** – јавно соопштени пред учениците;
- **писмени** – диплома, пофалница или благодарница.

Наградите може да бидат во форма на книга, ученички прибор или друга соодветна награда во согласност со можностите и педагошката намена.

3. Постапка за предлагање
Предлог за пофалба или награда може да поднесе:

- одделенски раководител;
- предметен наставник;
- стручен соработник;
- директор;
- ученичка заедница/Ученички парламент;
- ученик за себе.

Предлогот се доставува до **Комисијата за пофалби и награди** и треба кратко да го содржи: името на ученикот/групата, причината за предлагање и, доколку е потребно, доказ за постигнатиот резултат.

4. Разгледување и одлучување
Комисијата го разгледува предлогот и приложената документација и утврдува дали се исполнети условите за пофалба или награда.

Одлуката се донесува согласно со критериумите од Правилникот за пофалби и награди.

5. Доделување
Пофалбите и наградите се доделуваат на пригоден и свечен начин, во текот на учебната година или на крајот на учебната година/по повод Денот на училиштето.

6. Евиденција
За сите доделени пофалби и награди се води **Евидентна листа/Регистар на пофалени и наградени ученици**, кој го води стручниот соработник или друго овластено лице.

Евиденцијата содржи:

- реден број;
- име и презиме на ученикот;
- одделение;
- основ за пофалба/награда;
- вид на пофалба/награда;
- датум;
- забелешка.

7. Посебна постапка за избор на првенец на генерацијата
Постапката за избор на првенец на генерацијата се спроведува согласно одредбите од Правилникот. Конкурсот се објавува во втората половина на мај и трае 7 работни дена. Комисијата ја разгледува документацијата, врши бодирање согласно утврдените критериуми и предлогот го доставува до Наставничкиот совет, кој ја донесува конечната одлука.Сите постапки за пофалување и наградување се спроведуваат транспарентно, непристрасно и во најдобар интерес на учениците, со цел поттикнување на позитивно однесување, мотивација и развој на нивните потенцијали.

- Кандидати за првенец на генерацијата и пофалени ученици може да предложат одделенски раководител, предметен наставник, стручен соработник, директор, ученичка заедница или самиот ученик.
- Пријавување: За избор на првенец на генерацијата се објавува конкурс во втората половина на мај, во траење од 7 работни дена. Кандидатите доставуваат пријава и потребна документација.
- Бодување: Комисијата ја проверува доставената документација и ги утврдува бодовите согласно утврдените критериуми:

- континуиран одличен успех – **10 поени за секоја година од IV до IX одделение**;
- примерно поведение – **2 поени за секоја учебна година од I до IX одделение**;

- резултати на акредитирани натпревари – според нивото и освоеното место;
- учество и резултати на други конкурси, настапи и активности – според утврдените бодовни критериуми;
- учество на натпревари од повеќе наставни предмети – **5, 10, 15 или 20 поени**;
- пофалници, благодарници и сертификати за воннаставни активности и ученичко учество – **2 поени**.

Минималниот број бодови за кандидат е **78 поени**.Се вреднуваат само дипломи, пофалници, благодарници и сертификати стекнати со менторство на наставник и афирмација на училиштето. Награди стекнати за лична афирмација не се вреднуваат.

- Комисијата ја проверува документацијата, врши бодирање и изготвува ранг-листа. Ранг-листата ја доставува до Наставничкиот совет.
- Одлука**: Наставничкиот совет** ја потврдува ранг-листата и донесува одлука за првенец на генерацијата. За првенец се прогласува кандидатот со најмногу бодови. Диплома може да се додели на најмногу **тројца ученици**.

За останатите пофалби и награди одлука донесува **Одделенскиот совет**, согласно Правилникот.

8.Доделување и евиденција

Дипломите, пофалниците и наградите се доделуваат на пригоден свечен настан. За сите доделени пофалби и награди се води писмена евиденција.

9. Приговор

Незадоволниот кандидат може да поднесе писмен приговор до Наставничкиот совет во рок од **3 дена**. Одлуката по приговорот се донесува во рок од **3 дена**. Понатамошна жалба се поднесува до Училишниот одбор, чија одлука е конечна.

Директор

М-р Елизабета Андова